ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 02-403/4
03.11.2020 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес, Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес на редовна седница одржана на 03.11.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2020 година**

Член 1

Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2020 година СЕ ИЗМЕНУВА И ДОПОЛНУВА како следи: **Основен проект за регулација на водите од суводолица во преливен орган на брана Лисиче и ревизија на проектот, со проценета вредност во износ од 330.000 без ддв, шифра според ОПЈН 71320000-1 и 71000000-8 вид на постапка- набавки од мала вредност, очекуван почеток на постапката ноември 2020 година.**

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

До Управен одбор е поднесено барање број 03-146/3 од 29.10.2020 година во кое се наведува дека потребата од изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година произлегува од спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на Основен проект за регулација на водите од суводолица во преливен орган на брана Лисиче и ревизија на проектот, со која што ЈПВ Лисиче ќе обезбеди изработка на проектна докуементација за прифаќање на водите од суводолицата и внесување во коритото во преливниот орган на брана Лисиче.Нерегулираните води од суводолицата со тек на време и во услови на дождови предизвикале паѓање на дел од левиот ѕид од коритото на преливниот орган ( паѓање на кампада) на местото кадешто водите од суводолицата треба да се влеваат во коритото на преливниот орган. Со цел решавање на проблемот опишан во предметот на јавната набавка согласно Законот за градење неопходено е изработка на овој основен проект како и ревизија на истиот. Средствата предвидени за оваа јавна набавка се обезбедуваат со пренамена од веќе предвидените средства од планираната постапката со ред бр. 29 во актуелниот Годишен план за јавни набавки за 2020 година: Изведување на санациони работи за решавање на проблемот со неповолната филтрација на брана Лисиче со проценета вредност 9.000.000 денари и која од објективни околности нема да се спроведе до крајот на 2020 година., па се одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
-архива
-сметководство
-директорот

03.11.2020

Претседател на Управен одбор
Силвана Крховска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС